

# ПАТ НА ЖИВОТОТ

ГОДИНА 54

ЈАНУАРИ - ФЕВРУАРИ 2024

СПИСАНИЕ НА ЕВАНГЕЛСКО - МЕТОДИСТИЧКА ЦРКВА ВО МАКЕДОНИЈА

# СОДРЖИНА


ПОГЛЕДОТ НАПРЕД 4

ПОСТАВЕТЕ ДОБРА ОСНОВА 6

ШТО МОЖЕМЕ ДА ПОСАКАМЕ ОД БОГ? 8

МИСЛА ОД ЕПИСКОПОТ 18

ЗАПОЗНАЈ СЕ СО МЛАДИТЕ ВО ЕМЦ 20

СЕЌАВАЊЕ ЗА ЈОСЕ КОНЕВ 22

НОВОСТИ ОД ЗАЕДНИЦИТЕ 23

ПОТРЕБИ ЗА МОЛИТВА 28

РЕСУРСИ/ИНФОРМАЦИИ 29

**_НЕ Е ПОТРЕБНО ДА ЗНАЕШ КАДЕ ОДИШ, АКО ЗНАЕШ ПО КОГО ОДИШ!_**

# ПОГЛЕДОТ НАПРЕД



Една од главните новогодишни одлуки што луѓето ја прават секоја година, е да ослабат. Може да бидат и одлуки за подобра физичка форма, подобро организирање, читање повеќе добри книги или поминување повеќе време со семејството и пријателите.

Но, како да се решите да имате посилна духовна посветеност? Секако дека ни требаат цели и ни требаат работи кон кои треба да се стремиме во животот. Но, исто така треба да растеме како христијани и да го продлабочуваме нашето чекорење со Господ.

Еве ги зборовите на апостол Павле после години чекорење со Бог:

***Браќа, јас не мислам дека сум го достигнал тоа; но едно правам: го заборавам она што е зад мене, а се стремам кон она што е пред мене, трчам кон целта – кон наградата на горното призвание од Бога во Исус Христос. Филипјани 3:13-14***

Мораме да сфатиме дека имаме долг пат да растеме духовно.

Исто така, не можеме да живееме во минатото. Не можеме да бидеме контролирани од грешките од минатото или да живееме во победите од минатото. Ако сте збркале минатата година, научете од тоа и не го повторувајте истото. Направете промени во вашето однесување, навики и во вашите избори, што ќе ве спречат повторно да тргнете по тој пат.

Во исто време, не живеејте во минатите победи. Ако Бог направил нешто прекрасно во вашиот живот минатата година, бидете благодарни за тоа. Но запомнете дека пред вас е нова година со многу нови можности. Затоа, одете напред кон она што Бог го има за вас.

Тркачите признаваат дека има болка во трчањето на трка, особено ако трчате маратон. Почнувате со излив на енергија, потоа малку се вкочанувате, потоа станува болно и по некое време, станува тешко да се стави едната нога пред другата.

Истото важи и за христијанскиот живот. Тоа се чекори на вера. Тоа е битка. Има предизвици, тешкотии и пречки со кои ќе се соочиме. Сепак, Павле рекол: „Се стремам кон она што е пред мене“.

Павле не ги упатувал своите зборови на група духовно елитни христијани. Тие се дадени за секој следбеник на Исус Христос. Бог го повикува секој од нас да продолжи напред. Можеби сте поминале низ нешто тешко минатата година. Или, можеби ќе поминете низ нешто тешко во наредната година. Но, знајте го ова: Исус ќе биде со вас преку тоа.

Тој вели: „и ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот.“ (Матеј 28:20). Тој исто така ветува: „Нема да те оставам, ниту, пак, ќе те напуштам“ (Евреите 13:5).

***Знајте го ова, не ја трчате оваа трка сами!***

***Грег Лори***

# ПОСТАВЕТЕ ДОБРА ОСНОВА

***Кој сее во телото свое, од телото ќе пожнее погибел; а кој сее во духот, од духот ќе пожнее вечен живот. Галатјаните 6:8***

Кога размислуваме за Даниел во Библијата, обично на ум ни доаѓа приказната за лавовската јама (види Даниел 6). Тоа секако беше херојски момент во животот на овој голем Божји човек. И кога размислуваме за пријателите на Даниел - Седрах, Мисах и Авденаго - веднаш помислуваме на приказната за огнената печка (види Даниел 3).

Овие четворица мажи беа решителни по карактер. Но, основата за таков карактер и видот на ставот што го заседоа беше поставен рано во нивните животи. Како млади мажи, тие донесоа одлуки кои беа во можност да ги зачуваат кога станаа повозрасни.

Тоа е како градење куќа. Најважниот момент при градењето не е кога ги боите и ги украсувате ѕидовите. Најважниот момент е кога ќе ги поставите темелите што ќе го поддржат сè друго што следува.

Во животот, најважното време е на почетокот кога се поставуваат темелите. Таму, во времето на нашата младост, го поставуваме нашиот курс. Ги развиваме нашите навики и ги формираме нашите ставови. Донесуваме одлуки кои влијаат на нас до крајот на животот, како што е изборот на кариера и со кого ќе стапиме во брак. Сееме семе што ќе го жнееме во годините кои следат.

Да речеме дека рано во животот сте стекнале навика за редовна молитва и проучување на Библијата. Стекнавте навика редовно да присуствувате на Богослужбите и верно да Му давате десеток на Господ, како и некои други духовни дисциплини кои сè уште ги практикувате до ден-денес.

Преку одлуките кои ги носите денес, вие одлучувате во која насока ќе се движи вашиот живот. Што правите денес, ќе има влијание за утре. Тоа не е некоја мистична работа во која немате збор.

Вие одлучувате по кои принципи ќе живеете и по кој пат ќе тргнете, бидејќи секој ден одлучувате дали ќе сеете во телото или ќе сеете во Духот.

Библијата ни кажува да ги поставиме правилно темелите кога сме млади. Токму тоа го направија Седрах, Мисах, Авденаго и Даниел.

Младоста е релативен поим. Ако имате педесет години, некој што има петнаесет може да ве смета за стар. Но, за некој кој има деведесет години, вие сте прилично млад. Наредната година сите ќе бидеме една година постари. Ние носиме одлуки денес, во јануари, кои ќе се исползуваат до следниот Божиќ.

***Библијата вели: „Кој сее во телото свое, од телото ќе пожнее погибел; а кој сее во духот, од духот ќе пожнее вечен живот.“ Галатјаните 6:8.***

Не е неопходно лошо да се имаат навики. Лошо е само ако се лоши навики. Но, добро е ако се добри навики.

Можеби сте поминале низ огнено искушение во изминатата година, или можеби ќе имате огнено испитување во наредната година. Но, знајте го ова: Исус ќе помине со вас низ него. Нема да бидете сами.

***Грег Лори***

# ШТО МОЖЕМЕ ДА ПОСАКАМЕ ОД БОГ?

1 Цар. 3:4-15 (с. 5)

Се ноаѓаме во едно време кога се посакуваат разни желби, како на едната така и на другата страна, како за себе така и за другите.
Желбите биле присутни кај сите генерации - многубројни и разновидни. Изгледа има паметни желби, како што се: „Си посакувам сите желби да ми се исполнат“. Има материјални желби: „Си посакувам нов лап топ, нов мобилен, или, нова кола“.
Постојат желби со повик за помош: „Си посакувам, повеќе луѓе да ми дојдат на гости, или, да примам повеќе телефонски повици“.
Има исполнети желби (пр. Мт. 8:5-13; Лк. 17:13-16 и др.), но има и неисполнети желби (пр. Броеви 22:4-12; Мк. 10:35-40 и др.).

Според дефиниција од Википедија желбата е копнеж по нешто или по некоја способност. Или пак е стремеж, или, во најмала мера кон некоја промена во реалноста или свесност и постигнување на некоја цел, за себе самиот или за некој друг.

Во праксата се покажува дека до исполнување на една желба се доаѓа најчесто откако таа ќе се искаже.

Исто и царот Соломон имаше прилика да ја искаже својата желба пред Бог.
Можеш слободно да посакаш од мене нешто! Каков „сон“! „Кажи ја само твојата желба и Јас ќе ти ја исполнам.“ Така му вели Бог на Соломон во 1 Цар. 3:5. Супер! И, сега?
За деца тоа не би причинувало никаков проблем!
Децата се полни со желби: јас сакам сладолед! - Јас сакам татко ми навечер да си доаѓа порано дома. - Јас посакувам баба ми повторно да биде здрава. - Јас посакувам да имам лизгалка во дворот.. За децата, желбите воопшто не се проблем.

Но, ние повозрасните знаеме добро да се измачуваме со нашите желби: Што да посакам?!

Од една страна тоа може да бидат сосема лични желби или надежи: сакам да „оздравам“. - Сакам да бидам „богат“. (Басната за „Рибарот и рипката“ не е напразно измислена!?) - Сакам да бидам „убав“. (Исто и басната за „Снежана и седумте џуџиња“, сцената со огледалото кое зборува за убавината на вештерката не е бесмислено измислена.) - Сакам да бидам успешен. - Сакам да имам голема куќа. - Сакам да имам свое семејство, - Сакам да одам на одмор...

Сето тоа се човечки желби кои се кријат длабоко во човечкото срце, - а пред сè тука е првата желба: сакам повторно да бидам здрав! Кому му е туѓа оваа желба? Сакам повторно да бидам заедно со мојот син/ќерка/мајка/татко...

Некои луѓе се мошне многу замислени при толку многу лични интереси. Што ако не посакам доволно, ако желбите се егоистични или алчни - и на крајот ми нанесат штета наместо корист?

Некои луѓе, пак, посакуваат „мир“ на земјата, доволно храна, или пак работа и скромна благосостојба за сите луѓе - и се разбира, општо земено, „здравје“ за сите и „среќа“.



Што би требало да (си) посакам?
На колегата за роденден? - На новороденчето од младиот брачен пар? - На младата жена за унапредувањето во нејзината работа на поодговорна позиција? На мене самиот? - На тебе самиот? - На нас?

Царот Соломон одеднаш доби право да ја искаже својата желба!
Се случува нешто како во басна - како во некој сон: „Искажи ја само твојата молба и јас ќе ти ја исполнам, - му вели Бог.“

Соломон одговори на тоа, откако претходно во сон размислуваше гласно: „Подари ми срце кое ќе ти е послушно.“

Навистина една побожна желба! А Бог сака да ја исполни таквата желба. Бог со нетрпение чека една таква желба - да биде упатена кон Него. На Бог му се допадна што Соломон не побара долг живот, богатство или, пак, смртта на неговите непријатели, туку побара: Послушно срце. Дали тоа е навистина мудра, односно добра желба?

Да. Тоа е навистина мудра, најмудра и добра желба.
Зашто во оваа побожна желба се крие одлучувачкото нешто: Срцето. Тоа е „местото“ каде што ние луѓето ги носиме нашите одлуки. Каде што ги обмислуваме разните информации и нашите основни ставови, каде што ги развиваме вредностите и емоциите. Со срцето се мисли на нашата внатрешност - значи: на нашето битие, она што нè објавува кои сме ние. Ние носиме одлуки врз база на информации, аргументи, вредности и емоции.

И токму ова срце треба да биде послушно. Значи, да не биде насочено само кон „внатре“, кон себе, кон своите цели, туку и на надвор, свесно кон другите, - да биде свесно за потребите и вредностите и на другите.

А се разбира, ова срце пред сè треба да го слуша Божјиот глас и да го бара тоа што Му е мило на Бог: вредностите кои ги објавил Бог, кон она што Бог го прогласил за добро за секој живот на земјата. Кога срцето го слуша Божјиот глас, ги пази Неговите зборови, тогаш ќе може да носи и мудри и корисни одлуки.



Блазе на оној човек кој има такво послушно срце!

Во Псалм 1 е запишано следново:
***Блажен е оној човек, што не оди на советот на безбожниците, не застанува на пат на грешници и не седи во друштво на развратници, туку му омилел законот Господов и за законот Негов дење и ноќе грижливо размислува; тој е како дрво посадено крај вода изворска, кое својот род го дава навреме, и чиј лист не венее; и во сѐ што прави, напредува, или во Псалм 119: Ти заповеда грижливо да се пазат Твоите заповеди. О, да се управат моите патишта за да ги чувам Твоите заповеди! Тогаш нема да се засрамам, гледајќи ги сите Твои заповеди. Ќе Те славам Господи со чисто срце, кога ќе ги научам Твоите праведни судови. Ќе ги пазам Твоите заповеди; не оставај ме сосема. Како момчето ќе го запази во чистота патот свој? – Ако ги пази зборовите Твои! Со сето срце мое Те барам, не дозволувај да застранам од Твоите заповеди. Ги сокрив во срцето свое заповедите Твои, за да не грешам пред Тебе.***

Блазе на она семејство кое има таков татко и блазе на онаа земја која има таков цар или таков претседател: со срце кое слуша.
И на нашата земја, во нашето време и те како ѝ се потребни такви луѓе со срце кое слуша и е послушно!

Кога би имале такви луѓе во право време на право место, зарем не би надминале многу кризи, зарем не би се избориле во разни тешки ситуации и би пронашле и донеле мудри одлуки и решенија?

Срце, кое ќе слуша и ќе биде послушно на Божјите зборови и совети! Тоа би било мојата желба за мене, за тебе, за нашиот народ. О, уште повеќе, за сите!

Нека секој еден кој е тука и не е тука, а ќе му бидат пренесени овие зборови, и почетокот на оваа година да го искористи како повод за нов почеток, за исправање на своите патишта пред Господа, за вистинско смирување пред Него, за поголема ревност на Неговото дело, за поголема ревност во молитвите, за поголема поддршка на делото Господово како финансиска така и физичка и временска, и на секој друг можен добар начин.

Запомнете! Нашиот живот е како тревка, денес е тука утре веќе не е. Ако си помирен со Бог овде на земјата преку искрено покајание, искрено барање преку Исус Христос Бог да ти опрости, ќе бидеш помирен со Него и во вечноста, на небото. Ако си овде непомирен со Бог, ќе бидеш непомирен и во вечноста, на небото. И, тоа што ќе го направиш овде на земјата преку верата во Исус Христос и љубовта кон Него и кон твојот ближен, ќе придонесе за зголемување на твојата радост и на другите и во вечноста, на небото.

Сè друго, што и да правиш, колку и да придонесуваш за општеството, колку и добрини некому да си му направил, ако твојот однос со Господ Исус Христос не е во ред, знај дека целиот живот си го промашил.
-> Псалм 20:1-5

Благословена Нова година 2024-та!

***Марјан Димов***



Дали некогаш кога бевте деца сте застанале пред витрина полна со највкусните слатки и вашата сакана баба ви рекла: „Одбери си!“?

Истото го чувствувам понекогаш кога сфаќам дека сѐ уште не сум ја доживеала сета неизмерна Божја љубов; дека не ја познавам полнотата на Неговиот карактер; дека стојам до глуждовите во океанот на добрината, надежта, милоста, радоста, прошката, љубовта и сите други благослови. А Тој ме прашува: „Што сакаш да направам за тебе? Одбери си! -" и ме поканува кај Себе.

Ме поканува да влезам во длабочините со Него, ме поканува во новиот храм што ние го градиме во моето срце.



И ме враќа на витрината полна со највкусните слатки, во која заедно со спасението на целото мое семејство е наредена и новата црковна зграда во Радовиш. Додека меѓу стотиците новоспасени души, кои чекаат да ја слушнат радосната вест, се наоѓаат и сите непрочитани книги и непроживеани доживувања со верните пријатели. На една од полиците е исцелување од неизлечива болест, а под неа е мојата новообјавена книга со сведоштва за славата Божја. Горе се десетиците основани нови цркви, а зад нив срамежливо наредени во колони ѕиркаат успесите на моите духовни чеда и нивното растење во богопознанието.

А најпрекрасното од сè е тоа што Бог вели: „Сакам да ти го дадам сето ова!“
„бидејќи преку Него е создадено сè што е на небесата и што е на земјата, видливо и невидливо; било престоли, било господства, било началства, било власти – сè е преку Него и за Него создадено.”. (Колосјаните 1:16)
Да биде Негова славата!

***Ирена Стефанова***

***Што да посакаме од Бог?***

Матеј 1:22-23

Со овие стихови од евангелието од Матеј сакам да ве потсетам дека сите ние живееме во едно време на мака, болест, страв и во изобилно гревопаѓање. И во ова време нешто што највеќе е потребно е Емануел - Бог потребно е да биде со нас.

Зошто? Бидејќи човекот денес има пари, убави куќи, коли, и се што посакува, убави јадења и дома и во ресторани. Но! Нема мир, нема почитување, нема љубов. Едноставно човекот има потреба од Бог и Божјата љубов. Затоа посакувам Бог Емануел да биде со мене, со вас и со сите луѓе.

И секој нека го чуе Божјиот глас преку овие стихови кога тој вели: „Јас имам подобри планови за тебе. Јас имам мисли за тебе да ти биде добро, да имаш мир, и благословена иднина.

Што ти треба во денешното време повеќе од ова?
Затоа заблагодари му на Бог што го дал својот Син да биде наш Господ и Спасител.

Зашто кога Исус е со нас - можеби во очите на другите луѓе ќе изгледаме чудно, но знај дека другите ќе видат нешто кај тебе што кај многу големи и влијателни луѓе го нема. А тоа е го немаат Емануел, го немаат Бог, тие се духовно гладни, бедни и празни.

Посакај од Бог денес да биде во твојот живот, во твојот дом, во твоето семејство. И не заборавај дека кога Бог е со нас, ние можеме да ги надминеме сите страдања и искушенија во животот.

Нека божјиот мир и љубовта на вечниот Бог да бидат со сите вас и во Новата година. Посакувам Емануел да биде со сите вас!

***Маринко Зафиров***

***Размисли за тоа како можеш да го прославиш Оној кој ти го дал јазикот. „Празнословецот ранува како меч, а јазикот на мудрите лекува.“ Изреки 12:18***



# МИСЛА ОД ЕПИСКОПОТ

На крајот на годината, некој за време на разговор ме праша: Што посакуваш од нашата Црква во 2024 година? Прашањето го разбрав вака: На каков плод се надеваш? Дадов прилично општ одговор. Но, прашањето ме окупираше подоцна. Да, каков плод, какви знаци на живот се надевам дека ќе видам од ЕМЦ во новата година?

Неодамна, уште еднаш сфатив колку е суштинско Црквата и она што го живее да е поврзано со секојдневниот живот на луѓето. Тоа е она што го очекуваат луѓето и што му треба на светот - исто како и самата Црква. Се сетив на разумната служба за Бог, за која Павле пишува во Римјаните 12:1. Таму, апостолот ги повикува неговите читатели да ги посветат своите животи на Бог, и Неговото дело во светот. Тоа е најлогичната реакција која можеме да ја покажеме кон Божјата љубов. Повикани сме да Му служиме на Бог, било да станува збор за работен ден или празник, за моменти во кои работиме или се молиме, кога им помагаме на другите или кога ја градиме нашата лична побожност. Службата за која Павле пишува се состои од секуларни и литургиски аспекти, и тие се како две страни од иста пара. Сето тоа се одликува со две постојани дејствија; прославување на Бог, и живеење согласно Неговиот збор во секојдневниот живот.

Да се вратам на прашањето од почетокот: на какви плодови, на какви знаци на живот се надевам? Без да тврдам дека се исцрпни - ќе формулирам четири од нив:

- На крајот на годината, методистите велат: „Откривме лични и заеднички начини кога можеме да имаме духовни моменти среде секојдневниот живот, кои нѐ водат во тишина пред Бог и нѐ зајакнуваат, особено во моменти што нѐ предизвикуваат нас и нашата вера“.

- Тие понатаму кажуваат: „За време на празниците, слушнавме и предизвикувачки и охрабрувачки секојдневни искуства еден од друг, така што продолжуваме нашата работа да ја вршиме со обновена радост и со нетрпение го очекуваме Божјото опипливо присуство“.

- Дека луѓето кои не ѝ припаѓаат на нашата Црква потврдуваат: „Љубовта и енергијата на методистите за слабите и нивната посветеност кон созданието, ја разбуди нашата љубопитност да дознаеме повеќе за нивната вера, нивната духовност и Бог“.

- Дека ни велат: "Кога методистите слават, целиот наш живот излегува на виделина со своите сончеви и темни страни. Небото ја допира земјата. И тоа ни дава храброст за нашиот секојдневен живот."

Со нетрпение очекувам да ги слушнам вашите приказни! Приказни за тоа како славењето и работата се проникнале меѓусебно, како луѓето го доживувале Бог во тој процес, како животот процветал и дел од Божјиот нов свет станал видлив.

Ви посакувам благословена нова година од сѐ срце!

***Епископ Штефан Цирхер***
*Илустрација: Pixabay*

# ЗАПОЗНАЈ СЕ СО МЛАДИТЕ ВО ЕМЦ

- МИРЈАНА АЛАЧЕВА

Родена сум во Струмица, живеам во с. Муртино. Студирам македонски јазик и книжевност на Универзитетот,, Гоце Делчев". Исто така работам во слаткарница на украсување на торти.

Од малечка заедно со моите родители и мојата помала сестра сум одела во црква, и заедништвото со луѓето од црквата кои Бог ми ги подари низ годините, сфаќам дека се огромен благослов.

Уште од мала имав желба да бидам активна во црквата, научив да свирам гитара па така можев да се вклучам и во славењето. Веќе неколку години се вклучувам и во работата со деца.



Заедништвото на црквата е многу важен дел од животот на христијанинот, споделувајќи искуства од животот низ кои Бог нè водел на различни начини, служат за меѓусебно охрабрување и духовно растење. Најважно од сè во животот е центарот да ни биде Исус. Борбите во секојдневието честопати го поместуваат нашиот фокус од Бог и Библијата.



Без разлика на нашите желби, цели, не треба да заборавиме дека Исус дојде за нас, дека умре за нашите гревови и воскресна за да ни даде вечен живот. Ова е радосната вест која треба да ја шириме.
Бог е љубов, тој треба да го има првото место во нашите животи.

Би издвоила два стиха:

***Матеј 6:33***
***Но барајте го најнапред царството на Бога и Неговата правда, и сè ова ќе ви се придодаде.***

***Псалми 37:5***
***Довери Му го патот свој на Господ и во Него верувај и Тој ќе делува;***

Бог има совршен план и сè е во Негова контрола, затоа со вера да му ги предадеме нашите животи и да му служиме на Бог со љубов.

# Сеќавање за Јосе Конев

Јосе Конев беше дел од нашата црква во Струмица каде целиот свој живот ја посетуваше и служеше во неа. Уште од најмали нозе беше активен на детските часови во локалната црква и на детските состаноци со деца од сите наши цркви. Покасно тој продолжи да ги посетува младинските настани и се дружеше со сите млади од другите цркви. Како минуваше времето сè повеќе се вклучуваше во активноста на црквата, стана дел од црковниот одбор на локалната црква а покасно и дел од Црковното Претставништво.
Јосе ќе остане во сеќавање како неуморен борец на Божјото дело за кое не се штедеше себеси. Кога црквата минуваше низ најтешките периоди тој не се откажа да оди, да ја посетува и да служи со своите дарови и способности во неа секаде каде што беше вклучен. Беше отворен, директен и искрен во своите зборови и намери.

***Стихот од Михеј 6:8 секогаш ме потсеќа на него: О, човеку, речено ти е што е добро, и што бара од тебе Господ; да работиш праведно, да сакаш милосрдни дела и понизно да врвиш пред твојот Бог.***

Тој Го сакаше Бог со целото свое срце и исповедаше вера во Исус Христос, беше предаден на него и се доверуваше целосно. Иако Бог одлучи да го повика на млади години поради сообраќајна несреќа на патот Струмица- Костурино, сепак во нашите срца останува празнина и тага за која ќе треба време да помине, но тагуваме со надеж дека пак ќе се видиме во Царството Божјо и затоа таа тага не е таква како оние кои немаат надеж.

Долги години се дружевме заедно, служевме заедно, работевме заедно и благодарен сум на Бог што можев да го познавам и да го имам како близок дел од мојот живот. Ретки се личностите како Јосе Конев. Слава нека Му е на Бог преку Исус Христос.

***Дејан Василев***

# НОВОСТИ

## ОД ЗАЕДНИЦИТЕ



# ЈУБИЛЕЈНА БОГОСЛУЖБА ВО ЕМЦ МУРТИНО

По повод 30 години од изградбата на сегашната црква во Муртино организиравме јубилејна богослужба на 10.12.2023 г. На Богослужбата беа поканети гости кои биле вклучени во тогашната градба на црквата, но и други како градоначалникот на Струмица, свештени лица и така натаму. Црквата беше преполна, околу 180 души, имаше богата програма со песни од хорот, младите и децата, проповедникот во пензија Славчо Азнамов сподели како било за време на градбата, кои биле мајсторите и текот на работата. Прво биле ставени темелите околу старата црковна зграда која покасно била срушена внатре во темелите, потоа некое време се чекало за дозвола од Епископот за да продолжи да се гради нагоре, откако била добиена дозволата црквата била изградена за шест-седум месеци. Суперинтедентот Марјан Димов сподели проповед од Псалм 84:1,2 со порака дека црквата која се луѓето е причината за црковна зграда, верниците се многу поважни од зградата и ние Го прославуваме Бог што ни дал можност да бидеме дел од Неговиот дом.

После богослужбата имаше роденденска торта на која беа поканети сите гости, се дружевме, разговаравме, имавме прекрасно заедништво едни со други.
Тоа е прекрасен повод браќата да се собират и растат заедно споделувајќи ја верата во Христа.
Нека биде прославено Божјото име во Исус Христос.

***Проповедник***
***Дејан Василев***


30год ЕМЦ
Муртино








# ЗАЕДНИЧКИ БОГОСЛУЖБИ ВО ЕМЦ СКОПЈЕ










Му благодариме на Бог за можноста во ЕМЦ Скопје повторно да имаме предновогодишни заеднички богослужби со браќата и сестрите од другите протестантски деноминации, каде што имавме прилика заедно да го славиме Бог, да се молиме, да се поддржуваме со искуствата и сведоштвата, да се поучуваме од пораките и да поминеме благословено време во дружење и заедништво.
Бевме собрани браќа и сестри од над 7 протестантски цркви, на молитвена Богослужба и на неделна утринска Богослужба.
Нека сето тоа биде за благослов и за слава на нашиот Бог!

***ЕМЦ Скопје***

*Нашиот проблем е, што често сакаме повеќе од погрешните нешта, а тие ни пречат и го заземаат местото на навистина битните нешта. „Но барајте го најнапред царството на Бога и Неговата правда, и сè ова ќе ви се придодаде." Матеј 6:33*

# ПОТРЕБИ ЗА МОЛИТВА

*Молитвата не треба да ни биде последно средство туку прв ресурс*



- Благодарни срца
- Заедништво помеѓу заедниците
- Младински и детски групи
- Женски и машки групи
- Црковното раководство
- Социјалната работа која се извршува преку Дијаконијата
- Духовно пробудување
- Учеништвото во црквата
- Окружните, Дистриктната и Годишната Конференција во МК

# РЕСУРСИ

| **Христијанска песнарка** | **Библија** | **Библија** | **Библија за деца** |
|---|---|---|---|
|   |  |   |   |

*** сите апликации може да се инсталираат со скенирање на кодот**

# ИНФОРМАЦИИ

## Сметка на ЕМЦ

Добредојдени се вашите доброволни прилози за работата со литература на ЕМЦ во Македонија, на која било од следниве сметки, со цел на дознака: ЗА ЛИТЕРАТУРА

**НЛБ Банка**

210-0471551901-34

**Шпаркасе Банка**

250-0080004168-42

## Веб-страница

На www.emc.mk можете да ги следите тековните новости од активностите во сите заедници на Евангелско-методистичката црква во Македонија.

*Фотографиите кои се користени во списанието се преземени од страните: www.unsplash.com и www.canva.com







Списанието е достапно онлајн на веб-страницата
Годишна претплата: 400 ден. (излегува 6 пати годишно)

Издава: ЕМЦ во Македонија
Уредник: Невенка Гиневска
Дебарца 9, 1000 Скопје
+389 75 200 012 / literatura@emc.mk

www.emc.mk